Совет на Општина Делчево
Број 09- /1
09.12.2021 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Втора седница на
Советот на општина Делчево

Втората седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 09.12.2021 година, во мултифункционалниот центар, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано тсутен беше Кристи Стојковски .

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов, кој за Втората редовна седница го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од Прва седница

1.Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци;

2.Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

3.Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа детска градинка „Весели Цветови“-Делчево;

Образлагач: По точките 2 и 3-Ивана Ивановска-Советник за правни работи застапување.

4.Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

5.Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 4 и 5- Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ Илинден“-Делчево.

6.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Петар Богдановски од Делчево;

7. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Делчево;

8.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Војчо Атанасов од с. Град;

9.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Асан Шаинов од Делчево;

Образлагач: По точките 6, 7, 8 и 9 - Ана Ситновска Димитровска-Советник- одговорен сметководител.

10.Предлог-Одлука за согласност на Статутот на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град Делчево

Образлагач: Даниела Такева-претседател на Упрваниот одбор на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град Делчево.

11.Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

12.Измени на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач:-Билјана Прачковска-Раководител на Одделение за човечки ресурси.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој предложи дневниот ред да се дополни со точка за однесувањето на градоначалникот на социјалната мрежа Фејсбук. Имено, во сабота вечер тој објавил статус со навредлива содржина за Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, како и на граѓани на општина Делчево и симпатизери и членови на ВМРО ДПМНЕ. Од наша страна, тој беше повикан да се извини за ваквиот статус, но до денес нема извинување од негова страна. Сметам дека ваквото однесување е недолично и треба да има одговорност, истакна Сашко Ивановски.

Кирил Тренчевски рече дека не се согласува со Сашко Ивановски во врска со неговиот предлог за дополнување на девниот ред дополни со точка за однесувањето на градоначалникот на социјалната мрежа Фејсбук бидејќи објавата е напишана од неговиот личен профил, а Советот не е орган кој може да суди во врска со објавата на градоначалникот. Исто така, во објавата не е спомнат ниту еден советник, рече тој.

Претседателот на Советот истакна дека тој како претседател на Советот јавно се оградува од објавата и осудува секаков вид на говор на омраза или навреда на било кое ниво или кој било вид независно од функцијата. Што се однесува до предлогот на советникот, тој истакна дека Советот нема надлежност да расправа за тоа, дискусија може, тоа е во ред, но Советот нема надлежност да донесе било каков акт/документ со кој би го осудил тоа од проста причина што едноставно Советот не е надлежемн за тоа. Ниту сме истражен, ниту извршен орган. Постојат соодветни институции, постои Етички кодекс за однесување на носителите на јавни функции и истиот треба да се почитува, истакна претседателот на Советот.

Иван Гоцевски истакна дека функцијата градоначалник е јавна функција, а градоначалникот е јавна личност. Тој е образот на целата општина и самата функција градоначалник подразбира соодветно однесување, а секое недолично однесување подразбира и одговорност. Сметам дека во овој случај тој треба да сноси одговорност.

На дискусијата на Иван Гоцевски реплицираше Кирил Тренчевски кој рече дека да, функцијата градоначалник е јавна, ама објавата е од личен профил, а не од официјален профил на градоначалникот.

Оливера Ташевска рече дека во објавата можеби не се спомнати членовите на Советот, но тие се сепак членови на ВМРО ДПМНЕ и навредливите зборови се однесуваат на сите.

Зекир Абдулов рече дека и тој осудува секаков вид на говор на омраза, но рече дека според Законот, во овој случај тоа не е говор на омраза туку клевета или навреда. Советот не е орган во чија надлежност е одговорноста на градоначалникот за неговата објава на Фејсбук. Може да се поведе граѓанска постапка, инаку секој од нас членовите на Советот индивидуално може да се оградри или не од објавата, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека е убаво и му е мило да се чуе како некои членови на Советот до мнозинството се оградуваат или ја осудуваат навредливата објава на градоначалникот.

Претседателот на Советот истакна дека на социјалната мрежа Фејсбук по објавата која била со навредлива содржина, исто така имало доста коментари со навредлива и недолична содржина кои ииндивидуално треба да се осудат и да се оградиме од нив., рече тој.Навреда, клевета или говор на омраза што и да е, е недопустлива за носителите на јавни функции, но исто така и за сите други.

Сашко Ивановски рече дека по објавата на градоначалникот имало многу поддржувачи на ваквата објава кои со ставањето „лајк" на објавата на индиректен начин покажале дека ја поддржуваат објавата и се согласуваат со неа. Сметам дека не е во ред, ништо нема да ви стане доколку се оградите сите од ваквата објава. Вака излегува дека тоа оградување е декларативно, рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот рече дека доволно се дискутирало на таа тема и дека ја затвара

расправата по дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот зеде збор и ги информираше членовите на Советот дека членот на Советот Кристи Стојковски до претседателот на Советот доставил Известување со кое поднесува оставка на неговата функција-член на Совет и затоа предложи дневниот ред да се дополни со точка-Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Совет.

На гласање беше ставен предлогот за доиполнување на дневниот ред со Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Совет.

Истиот беше едногласно усвоен, т.е. со 14 гласа „ЗА“.

Оливера Ташевска побара да се симне од дневен ред точката 4 и праша зошто во дневниот ред точката 4-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година, не е Извештај за реализација на Програмата и на што се однесува тој извештај?

Билјана Петровска-директор на ЈЛБ „Илинден“ истакна дека така е предвидено во Статутот на библиотеката, така било отсекогаш.

Иван Гоцевски побара да биде симната од дневен ред и точката 5-Програма за работата на ЈЛБ „Илинден“-Делчево бидејќи има многу недостатоци, нема законски основ и сл.

Претседателот на Советот предложи точките да останат на дневен ред како што е дадена, а доколку има потреба од дополнителни информации, да се доставаат дополнително.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека за оваа точка ќе се дискутира кога ќе дојде на дневен ред.

Сашко Ивановски рече за да се донесе Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“- за 2022 година, претходно треба да се усвои Извештајот за реализација на Програмата за 2021, т.е за на што е сработено или не е сработено. Овие акти имаат многу недостатоци и недопустливо е ние како Совет да носиме вакви акти.

Зекир Абдулов истакна дека генерално кога се поднесува извештај, извештајот се однесува на реализација на претходната програма. Тука станува збор за реализирани активности, на некој начин и тоа е реализаија на претходна програма. Директорката истакна дека така е предвидено во Статутот, не знам дали библиотеката има обврска да поднесува финансиски извештаи до Советот, рече З.Абдулов.

Претседателот на Советот рече дека за двете точки ќе се дискутира подетално кога ќе дојдат на дневен ред и ја заклучи расправата.

На гласање беше ставен дневниот ред за Втората седница со предлогот за дополнување со точка 13.

Со 14 гласа „ЗА“ (едногласно) истиот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека врз основа на Пресуда и Извршно решение од Извршител, подолго време сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ била блокирана и било оневозможено нормалното фунционирање на училиштето. За таа цел училиштрето поднело барање до Општината, дел од вишокот на приходи од Програмата N2 (средно образование) во износ од 3.000.000 денари, да се распоредат во Програма N1 . Советот во претходниот состав донела ваква одлука, а потоа и Владата на РСМ донела Одлука за согласност за прераспоредување на тие средства. Со денешната Одлука околу 3.000.000 денари или 2.973.000 се прераспределуваат во Програмата N1 (основно образование). Со тоа се врши деблокада на сметката на ООУ „Св.Климент Охридски“ кое беше блокирано по судска пресуда поради исплата на оштета за повреда на ученик во ПУ во с. Разловци. Доколку имате дополнителни прашања, повелете ќе ви одговорам, истакна А.Христова.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена,

а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, против нема и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;

Втора точка-Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

Точката ја образложи Ивана Ивановска-Советник за правни работи застапување која истакна дека врз основа член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа а согласно член 13 став 2 од Законот за библиотеките, член 22 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Делчево) и член 17 став 2 од Статутот на ЈЛБ„Илинден “Делчево, Управниот одбор на библиотеката го сосчинуваат 5 члена, од кои 3 претставници од основачот и 2 вработени во установата. Според тоа за членови на Управниот Одбор на Јавна локална библиотека „ИЛИНДЕН“ Делчево се именуваат следните лица :

1. Даниела Георгиевска
2. Ален Атанасовски
3. Маријана Стоименовска
4. Коле Манов
5. Милена Глинџарска

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски и праша кој ги предлага членовите од основачот и побара и ВМРО ДПМНЕ како советничка група да даде свои предлози за членови во Управниот одбор.

Претседателот на Советот даде пауза од 5 минути за консултација.

По паузата за збор се јави Сашко Ивановски и рече дека советничата група на ВМРО ДПМНЕ го повлекува предлогот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласаа „ЗА“, против-нема и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

Трета точка-Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа детска градинка „Весели Цветови“-Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Советник за правни работи застапување која истакна дека Управниот одбор на Детската градинка брои 7 члена, 3 од основачот, 1 од вработени во установата, 2 од Советот на родители и 1 претставник на Министерството за труд и социјална политика. Според тоа за членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево, како претставници на основачот – Општина Делчево СЕ ИМЕНУВААТ:

1. Тони Вангеловски;
2. Благица Петровска;
3. Ана Ситновска Димитровска;

Како претставник од стручниот совет на установата се именува:

1. Езѓан Мемедов;

Како претставници од Совет на родители се именуваат:

1. Биљана Стојковска;
2. Симона Спасовски.

Членот во УО што треба да биде претставник на Владата, т.е. Министерството се уште не е доставен до општината и затоа сакам да ве известам дека доколку во меѓувреме биде доставен ова

Решение што денес ќе го донесете, ќе биде дополнето/изменето со  името на претставникот на Владата.

Пртетседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали претставниците на Советот на родители се избрани од родителите или од некој друг.

Ивана Ивановска истакна дека според дописот до општината доставен од страна на Детската градинка, претставниците на родителите се избрани од Советот на родители.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, против-нема и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа детска градинка „Весели Цветови“-Делчево.

**Четврта точка-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ Илинден“-Делчево која истакна дека во 2021 година библиотеката реализирала вкупно 29 активности почнувајќи од месец јануари со промоција на книгата на родникрајниот автор Бети Арсовска со наслов „Човекот кој ме хранеше Сонце“. Во извештајниот период имало промоции уште на 4 роднокрајни автори. Еден дел од предвидените активности не биле реализирани заради пандемијата. Таа рече еализираните активности се наведени во Извештајот по месеци, а што се однесува до претходните дискусии, таа истакна дека во статутот на библиотеката стои дека ЈЛБ поднесува Извештај за реализирани активности и тоа е така сега, така било и претходно и дека тоа не о зимислила таа, туку едноставно така е предвидено во самиот Статут.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека  во материјалот што е доставен и би требало да биде Извештај недостасуваат многу основни податоци кои би требало да ги содржи самиот извештај за работа на една установа како што е библиотеката. Нема податоци за вкупен број на книги, на членови, нема податоци дали е зголемен или намален бројот на читатели, на позајмени или издадени книги.

Директорката на библиотеката истакна дека на крајот на извештајот се дадени податоци за бројот на книги во клонот во с. Разловци и М.Каменица, недостасува бројка за книги во Делчево бидејќи пописот е во тек, се уште не е завршен.

Сашко Ивановски рече дека во извештајот има многу пропусти. Како прво на насловната страна пишува-Реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година, недостасува зборот „извештај“. Некои основни работи/податоци што обично ги има во извештаите, тука ги нема. Сум бил на раководна функција и знам како се изготвуваат тие акти и што генерално треба да содржат. Мора да се знае што било предвидено, што е реализирано, мора да има оперативен план со временска рамка за извршување на активности, рече С. Ивановски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, Претседателот на Советот рече дека директорката има доволно време за наредна седница да се доставаат податоците што ги бараат членовите на Советот и ја затвори расправата по точката.

На гласање беше ставен Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

Со 8 гласа „ЗА“, 5 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година.

**Петта точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ Илинден“-Делчево која истакна дека оваа Програма се однесува за 2022 година и во неа се дадени целите и задачите на библиотеката и 6-те области на делување. Првата област е дигитализацијан на содржините и поврзување на библиотечниот информативен систем во државата и пошироко. Во оваа област има поставено цели и задачи кои треба да се постигнат во наредната 2022 година.

Втората област е организирање промоции на научни дела и книги и преземање активности за информирање на стручната и пошироката јавност за работење на заедницата. Како една од задачите кои си ги поставила библиотеката во оваа област е инфобусот, т.е набавка на возило со кое ќе се разнесуваат книги до читателите во руралните средини. Во врска со тоа таа истакна дека заради пандемијата со КОВИД 19, буџетот на библиотеката бил скратен и недостасувале средства за набавка на возило, но истакна дека оваа година ќе се направат напори за набавка на истото.

Третата област на делување е заштита на книжните фондови, ракописи и електронскиот материјал што се културно наследство.

Четврта област е континуирано усовршување и изнаоѓање механизми за привелкување на читатели и тука се наведени 4 задачи кои треба да се реализираат во наредната година.

Петта област е негување на културната разноликост и адекватен пристап до библиотечниот материјал од страна на лицата со посебни потреби, а 6-тата област е изнаоѓање на поголем простор за детско катче. На крајот од Програмата е даден финанскиот дел на програмата од каде што може да се види дека во 2022 година на библиотеката и се одобрени 4.902.801,00 денари, според Методологијата на Министерството за култура, истакна на крајот директорката на библиотеката.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја поздрави иницијативата на библиотеката за обезбедување услови за полесен пристап до библиотечниот материјал на лицата со посебни потреби, но истакна дека во Програмата би требало да има детални месечни извештаи за реализирани, тековни и идни проекти.

Директорката истакна дека Програмата ја прави директорот по сопствено видување.

Претседателот на Советот истакна дека забелешките и барањата на советниците во врска со овие 2 точки се во ред, но сепак мора да се провери дали директорката на библиотеката има обврска да доставува до нас како Совет се она што ние го бараме или дали сите тие податоци треба да ги содржат Извештајот и Програмата на библиотеката. Јасно е дека транпарентноста во работа и достапноста на податоци за реализација на проектите е единствено начело за успешна работа на една институција, но доколку директорката на библиотеката нема обврска да доставува вакви податоци, тогаш е во ред. Инаку на Советот треба да му бидат доставувани сите потребни податоци на увид за да мат членовите на Советот да одлучуваат по точките и да ги гласаат, истакна претседателот.

Сашко Ивановски рече дека во Програмата на една институција како библиотеката мора да има планирани активности за наредна година, мора да има рок за нивно извршување, мора да има финансиска конструкција за нив и извори на средства. Мора да има законски основ за донесување на Програмата. Во најмала рака, срамота е пред Советот да се доставуваат вакви акти, рече тој.

Кирил Тренчевски истакна дека од сите претходни дискусии на советниците и по двете точки на ЈЛБ „Илинден“ можа да се заклучи дека тражат подетални информации/податоци, но тоа може за наредна година. Да се земат предвид сите дискусии при изготвувањето на актите за наредна година, рече тој.

Сања Николовска истакна дека во потполност се согласува со нејзините колеги во врска со забелешките и по Извештајот и по Програмата. Евидентно е дека Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година има многу недостатоци, формулациииите се генерални, општи, на многу места конфузни, без заокружана мисла, целина, со многу правописни и интерпукциски грешки, со несоодветна терминологија („биолошко подмладување на кадарот“). „Јас се извинувам директорке, но навистина е така, на многу места морам да прочитам по 2-3 пати и пак не можам да сфатам што сакате да кажете. Еве на пример во делот кој се однесува на поставени цели и задачи:Ако знаечето е моќ, тогаш дигиталното знаење е поголема моќ“.

Претседателот на Советот рече дека правописните и интерпукциските грешки се забелешки од несуштински карактер.

Сања Николовска рече дека во Програмата има многу и суштински забелешки, покрај правописните и интерпукциските.

Иван Гоцевски рече дека Мисијата треба да биде нешто кон кое се стреми библиотеката, на пример зголемување на библиотечен фод, зголемување на бројот на читатели. Во самата Програма фали податок за процесот на дигитализација.

Тој исто така праша зошто и како нашата библиотека има клон во М.Каменица, нели е подобро М.Каменица да си има своја локална библиотека.

Б.Петровска рече дека така било отсекогаш.

Претседателот на Советот рече дека тоа што локалната библиотека има клон во М.каменица е добро, се зголемува бројот на читатели.

Б.Петровска истакна дека досега ниту една локална библиотека не е целосно дигитализирана.

Оливера Ташевска предложи Општина Делчево да набави возило со кое библиотеката би доставувала книги до руралните средини, а директорката рече дека ќе сем обиде да набави сопствено половно возило за таа намена.

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека со дискусиите се бега од дневниот ред.

Бидејќи никој друг веќе не се јавуваше за збор, претседателот за јатвори расправата и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, воздржани нема, советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година

**Шеста точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Петар Богдановски од Делчево;**

Точката ја образложи Ана Ситновска Димитровска-Советник- одговорен сметководител која на почетокот на сите членови на Советот им го честита изборот за советници и им посака успешна работа. Во врска со точката истакна дека одлуката се однесува на одобрување финансиски средства во износ од 15.000,оо денари на Петар Богдановски од Делчево. Средствата се одобруваат за поддршка на неговото учество на 75-тото Светско првенство во бодибилдинг кое ќе се одржи во Шпанија, во Санта Сузана каде што ќе учествуваат 1500 натпреварувачи од 70 држави во светот.

Беше отворена расправа.

Претседателот на Советот Гоце Попов го поздрави донесувањето на оваа одлука и изрази надеж дека и во иднина Советот и Општината ќе даваат поддршка на спортот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Петар Богдановски од Делчево.

**Седма точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Делчево;**

И оваа точка ја образложи Ана Ситновска Димитровска која рече дека со оваа одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 15.000,оо денари на Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Делчево. Средствата се одобруваат за реализација на проектна задача-посета на Дојранско Езеро во траење од 3 дена.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Делчево.

**Осма точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Војчо Атанасов од с. Град;**

Во врска со оваа точка А.С.Димитровска истакна дека се однесува за одобрување на финансиски средства на на Војчо Атанасов од с. Град, Делчево. Средствата во износ од 30.000 денари се одобруваат за надомест на штета предизвикана од пожар кој настанал во неговата семејна куќа во с. Град на 15.07.2021 година.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војчо Атанасов од с. Град.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Асан Шаинов од Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Советник- одговорен сметководител која рече дека со оваа одлука се одобруваат 8.000,оо денари на Асан Шаинов, улица

„Царевоселска“ 26 од Делчево.Средствата се одобруваат за реновирање на просторија и купатило во неговиот дом.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Асан Шаинов од Делчево.

Десетта точка-Предлог-Одлука за согласност на Статутот на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град  Делчево;

Образлагач по точката беше Даниела Такева-претседател на Упрваниот одбор на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град Делчево која рече дека Статутот на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град  Делчево претставува основна рамка за функционирањето на новата локална установа и истиот е иготвен и предложен на дневен ред бидејќи се јавила потреба за повеќе измени во Статутот. Истиот е усогласен со новите законски измени кои ја третираат оваа област и е донесен од страна на УО на музејот. Материјалите ви беа доставени навреме, доколки има прашања, повелете рече таа.

Беше  отворена расправа и за збор се јави претседателот кој имаше забелешка со член 14 став 1 точка 5 од самиот Статут кој се однесува за видот на образование што треба да го има директорот на музејот. Тој предложи во истиот член, покрај: општествени, хуманистички, да се додаде и  природно-математички науки.

Даниела Такева рече дека таа како претседател на УО ја прифаќа забелешката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање со забелешката за дополнување на член 14 став 1 точка 5 од Статутот.

Со 12 гласа „ЗА“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност на Статутот на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природонаучен музеј на град  Делчево.

Единаесетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година.

Образложение по точката поднесе Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека до Општина Делчево е поднесена Иницијатива за изработка на урбанистичко-планска докментација вон урбан опфат. Станува збор за приватна инвестиција, поточно на сопственикот на АЛПИН КОМ. Согласно Законот за урбанистичко планирање потребно е иницијативата да биде одобрена од Комисијата за урбанизам. Истата е одобрена, следно што треба да се направи е да се дополни Програмата за изработка на урбанистички планови за 2021 година. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2021 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево бр.09-2149/1 од 29.12.2020 година, се врши следната дополна:

Во поглавјето „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАД  ДЕЛЧЕВО“, по точката 13, се додава нова точка- 13.2, која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план-за намена Е1.13 Површински  соларни и фотоволтаични електрани во опфат  КО Град-Општина Делчево, к.п. бр. 4063/1, к.п.бр.4854 и к.п. бр.4856 и дел од к.п.бр.4037, КО Град-Општина Делчево.

Беше отворена расправа по точката за збор се јави Гоце Попов-претседател на Советот кој

рече дека секогаш кога има вакви точки треба да се даде малце пошироко образложение, т.е. да се објасни на членовите на Советот што во суштина значи секоја урбанизација. Во случајов станува збор за пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште на кое ќе бидат поставени соларни и фотоволтаични електрани, со самата урбанизаија на земјиштето му се дава вредност. Секој член на Советот гласа по сопствено уведување но треба секогаш да се дава поддршка на вакви точки.

Сашко Ивановски праша кој ќе ја финансира изработката на документацијата.

Горан Петровски рече дека е приватана инвестиција и самиот инвеститор ќе ја финансира изработката на документацијата.

Иван Гоцевски истакна дека лично има поднесено иницијатива за обезбедување на средства во Буџетот за одржување на трибини на кои јавноста/граѓаните на општина Делчево ќе бидат запознаени што значат ваквите урбанизации и кој е бенефитот од истите.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година.

Дванаесетта точка-Измени на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Прачковска-Раководител на Одделение за човечки ресурси која рече дека согласно измените на Правилникот за систематизација на работните места се јавила потреба од измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2022 година. Материјалите за Планот ги имата добиено сите, јас накратко ќе го образложам, рече таа. Во Табела 1 се венесени податоци за состојбата со бројот на вработени и нивната национална припадност. Во Табела 2 се наведени унапредувањата или распиредувањата на општинската администрација и тука се предвидени 3 унапредувања и тоа:секретар, раководител на Сектор и Советник-координатор за еднакви можности. Детало образложение за секое унапредуваеа има дадено во самиот план како прилог. Табела 4 се однесува за трансфер листа и може да се види дека не се планира ниту едно работно место за трансфер во др.институција. Табела 5 се пензионирањата и тука има 2 пенџионирања, во март и јули 2022 година. Табела 6 се нови вработувања, се планираат 16 и табела 8 е балансерот. Доколку имате прашања, повелете, истакна Б.Прачковска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека трендот на постојано зголемување на бројот на вработени во Општина Делчево расте и најголем дел од Буџетот на Општината се троши току за плати на гломазната општинска администрација. Како советничка група укажуваме дека тоа не е добро, дека Општината треба да се води домаќински и одговорно и дека треба да се води ред со новите вработувања бидејќи Општина Делчево се уште е задолжена општина и истакна дека тие ако советничка група нема да гласаат за измените на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2022 година.

На дискусијата на С.Ивановски реплицираше Кирил Тренчевски кој рече тие 16 вработувања се планирани што значи дека не мора сите да бидат реализирани.

Иван Гоцевски се послужи со народната поговорка и рече .„Каде има чад има и огин“ во смисла дека штом се планираат нови вработувања, најверојатно дел од нив ќе бидат реализирани.

Претседателот на Советот рече дека е факт дека на Општината ѝ фалат вработувања ама стручни, професионални и амбициозни луѓе. Речиси во сите одделенија фалат такви кадри, речиси во сите одделенија има застој на работите од тие причини. Финансиски мислам дека нема да има проблем, Општината ќе може да го поднесе тоа, но треба да се вработуваат стручни, енергични и амбициозни луѓе кои со својот труд ќе носат нови проекти и развој и напредок на Делчево.

Зекир Абдулов праша на кое работно место би се вработило едно лице Ром кое е планирано со овие измени на Годишниот план?

Б. Прачковска рече дека тоа е работното место референт доставувач во Одделението за правни и општи работи и јавни дејности. Истото место ќе биде испразнето во март.

Иван Гоцевски како позитивен пример ја спомна Општина Кочани која исто така е задолжена како Делчево, но е позитивен пример и рече дека ако се вработуваат луѓе, треба вработувањата да бидат наменски, издржани, а не само колку да се вработи некој.

Кирил Тренчевски рече споредбата со Општина Кочани не е добра бидејќи Делчево е позадолжена општина од Кочани, а Иван Гоцевски рече дека според податоците на Министерството за финансии достапни на интеренет, во 2017 година Општина Кочани била со поголем долг од Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Измени на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2022 година.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до него како претседател на Советот, членот на Советот Кристи доставил Известување со кое поднесува оставка на неговата функција-член на Совет. За таа цел е изготвена Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

Согласно Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот, во случаите кога член на Совет поднесува оставка, нема расправа и затоа ја ставам одлуката на гласање, рече претседателот.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

Пред завршувањето на седницата претседателот на Советот ги информираше членовите на Советот дека страна на наши видни сограѓани од приватниот сектор има иницијатива за донација на 30 метални корпи за отпадоци кои би биле поставени на некои локации во општина Делчево.Побарано е од самиот донатор дел од корпите да бидат позиционирани долж пешачката патека која го поврзува селото Звегор со градот Делчево и дел од истсите да бидат поставени на планината Голак , а се со цел да ја зачуваме чиста природната околина. Останатиот дел од корпите да се употребат на локации во градот односно онаму каде ке одлучите дека од истите има потреба. Донацијата подразбира обезбедување на 30 метални корпи и изработка на бетонска стопа како основа за поставување на истите. Во интерес на поддржување на ваквиот тип на донации и спремноста на Советот и Општината како надлежни институции да обезбедат услови за успешна реализација на истата, тој рече дека ќе

побара од Секторот за урбанизам да ми биде доставен графички приказ/скица со опис на можни локации за поставување на предметот на донација, а истиот графички прилог ќе биде испратен до донаторот како гаранција дека донацијата ќе биде успешно и законски реализирана и истиот да може да ја изврши нарачката.

Со исцрпувањето на дневниот ред Втората седница на Советот на Општина Делчево, заврши со работа во 15:35 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов